

Претставници од швајцарската консултантска фирма ЕБП и локалната консултантска фирма „Хидроенергоинженеринг“ од Скопје задолжени за имплементација на проектот „Водоснабдување на Делчево“, го одржаа првиот работен состанок со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, претставници од ЈПКД „Брегалница“ од Делчево и претставници од работната група на Општина Делчево.

Целта на состанокот беше дефинирање на работните групи кои ќе учествуваат во реализацијата на активностите планирани во рамките на проектот, како и запознавање со проблемите и интенцијата на Општина Делчево за решавање на горливото прашање со квалитетот на водата за пиење.



